# Е-БИЛТЕН БРОЈ 25



## ВОВЕДЕН ПОЗДРАВ

*Светлана Петровска, извршен директор*

Почитувани колеги, соработници и читатели,

2020 година ја започнавме со имплементација на два нови проекти, од кои еден во областа во која долго време работиме – енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија; а вториот проект со кој стартувавме се однесува на деинстуционализацијата на лицата со попреченост.

Во ова издание ќе прочитате и за активностите во имплементацијата на тековните проекти, соработката со институциите, како и обуките кои ги посети нашиот тим изминатиот период.

Ве покануваме да го прочитате најновиот број на нашиот Е-билтен и да ни се придружите во креирањето на идни нови, интересни и корисни активности за одржлив развој.

# НОВ ПРОЕКТ - „ПОСИЛНА ГРАЃАНСКА ПОДДРШКА ЗА ЕФИКАСНА АПЛИКАЦИЈА НА ПОЛИТИКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕУ"

Целта на проектот е да се зајакне активното учество и ангажманот на граѓанскиот сектор во спроведување активности што се од јавен интерес, а кои ќе придонесат во процесот на пристапување на земјата во ЕУ.

Целна група се македонските ГО кои работат во секторот енергетика, а тие се и крајни корисници заедно со релевантните институции одговорни за имплементација на политики во оваа област.

Проектот ќе резултира со: зајакнати капацитети на македонските ГО за следење, лобирање и учество во процесите поврзани со имплементација на клучните реформи во енергетскиот сектор, подготвени препораки за имплементација на политиките во областа на енергетиката со фокус на ЕЕ и ОИЕ и зајакната свест и соработка помеѓу клучните чинители.



- *Почеток на проектот - 22 декември 2019 година*
- *Времетраење - 9 месеци (Декември 2019 – Септември 2020)*
- *Овој проект го имплементира ЦеПроСАРД, со грант доделен од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (Sida) преку проектот „Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија" имплементиран од Канцеларијата на Обединетите Нации за проектни услуги (UNOPS).*

# НОВ ПРОЕКТ ВО ДЕЛОТ НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ - „ЗАЕДНО ЗА ПОВЕЌЕ МОЖНОСТИ И ПОДДРШКА – ТИМОР"

Главна цел на проектот е преселување на лицата со попреченост од специјални институции во станбени единици за поддржано живеење. На овој начин ќе се оформат нови социјални услуги на зедницата како групни домови и дневна грижа за корисници со попреченост, ќе се развијат и имплементираат нови начини на давање на социјални услуги засновани на инклузијата на корисниците, преку соработка, вклученост и проактивен пристап, како и рехабилитација на преселените лица со попреченост преку активна партиципација во окупациона (хортикултурна) терапија.

Беа одржани работни состаноци со сите ко-апликанти на проектот за оформување на проектна единица. На 27.01.2020 година, проектниот тим одржа две иницијални средби - во просториите на општината со градоначалникот на о. Демир Капија, како и со претставници од СЗ Демир Капија на кои ги информираше за проектните активности, временската рамка и планот за спроведување на истите, како и одговорностите и обврските на општината и СЗ Демир Капија при спроведувањето на истите и потребата за активна комуникација и соработка во текот на целиот проект.

- *Почеток на проектот - 02 јануари 2020 година*
- *Времетраење - 36 месеци (Јануари 2020 – Јануари 2023)*
- *Донатор: Европска Унија (ЕУ IPA II 2017, Акциона програма на ЕУ за поддршка на образование, вработување и поддршка на социјална политика во процесот на деинституционализација во социјалниот сектор)*
- *Имплементатори - ЦеПроСАРД во конзорциум со коапликантите: ЈУ Специјален Завод Демир Капија ; Општина Демир Капија; Фондација Лоза – Шведска и Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија*



## ТРКАЛЕЗНА МАСА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ЧИСТА ЕНЕРГИЈА ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ”

На 16.01.2020 се одржа настан во хотел Карпош, Скопје – Тркалезна маса “Состојби, предизвици и перспективи за решавање на проблемите со аерозагадувањето во Скопскиот плански регион – Предлози”.
На настанот воведно обраќање имаа г-ѓа Ана Петровска – државен секретар во МЖСПП, г-дин Нехри Емрула – директор на Агенција за Енергетика на Република Северна Македонија и г-дин Стефан Богоев – градоначалник на Општина Карпош. Активно учество на тркалезната маса земаа претставници од граѓанските организации Еко свест, РЕЦ, Новинари за човекови права, претставници од општините Карпош, Бутел и Шуто Оризари како и претставници од образовните установи СГГУ „Здравко Цветковски“ и Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг при УКИМ, како и експерти од областа на енергетската ефикасност и животната средина, како и претставници од бизнис секторот.
Беа дискутирани можностите граѓаните на СПР да ја подобрат енергетската ефикасност во домовите и да воведат користење на „чиста енергија“ за затоплување и остварување на секојдневните потреби. Потребно е тимско делување во сите сектори граѓанскиот, бизнис, образовниот сектор, локалната самоуправа и институциите, за капацитетите на граѓаните да бидат зајакнати и сознанијата и можностите за имплементација на мерките за ЕЕ во домовите и користењето на чиста енергија.



- *Почеток на проектот - 18 октомври 2019 година*
- *Времетраење - 6 месеци (18 октомври 2019 – 18 април 2020)*
- *Донатор: Влада на Република Северна Македонија*
- *Имплементатор - ЦеПроСАРД*

## УЧЕСТВО НА ПЕТТИ ПРОЕКТЕН СОСТАНОК И ПОСЕТА НА ЦЕПРОСАРД ОД ЕКСПЕРТИ ОД КОНСУЛТАНТСКА КОМПАНИЈА ИЗБРАНИ ОД ВОДЕЧКИОТ ПАРТНЕР НА ПРОЕКТОТ „БОЛНИЦИ НА БАЛКАНОТ СО ЕНЕРГИЈА БЛИЗУ НУЛА - ЗЕНХ“

Во месец јануари експерти од консултантска компанија избрани од водечкиот партнер беа во работна посета на ЦеПроСАРД. Посетата беше со цел да се разгледа извршената Енергетска контрола за избраните болници. Експертите, придружени од енергетски контролори и претставник на ЦеПроСАРД, оствarija теренска посета на избраните објекти - Специјалната гениколошко-акушерска болница, Скопје и во Охрид - Општата болница. Проектниот тим учествуваше и на петтиот проектен состанок, кој се оддржа во административната зграда на Демокрит Универзитетот во Тракија, Ксанти, Грција, со останатите партнери во проектот. На состанокот беше дискутиран напредокот во спроведувањето на проектот и се планираа следните активности.







- *Почеток на проектот - 01 декември 2017 година*
- *Времетраење на проектот - 1 декември 2017 - 30 ноември 2019 (продолжен 9 мес.)*
- *Донатор: ИНТЕРРЕГ Балкан-Медитеран 2014-2020 Европски фонд за регионален развој*
- *Имплементатори: ЦеПроСАРД; Демокрит Универзитетот во Тракија, Одделот за инженерство на животната средина, Ксанти, Грција; АЛБАФОРЕСТ, Албанија; Софија енергетски центар ДОО, Бугарија; Институт Кипар, Кипар*

## ТРЕТА КОНСУЛТАТИВНА СРЕДБА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ПОТТИКНУВАЊЕ НА РУРАЛНИОТ И ЕКОЛОШКИОТ ТУРИЗАМ ПРЕКУ ПАМЕТНИ ТУРИСТИЧКИ ИНФОРМАТИВНИ ЦЕНТРИ / FRET-STIC“

На средбата која се одржа на 27 ноември 2019 год. во НБ Хотел & СПА Тетово, присуствуваа претставници на засегнатите страни и клучните чинители за развој и промоција на локалнен и регионален туризам во регионот на Шара; претставници на Центарот за развој на Полошкиот плански регион, Регионалната развојна агенција Југ – од Косово, повеќе локални самоуправи од регионот (општина Тетово, Призрен, Раховец, Драгаш, Сува Река и Малишево), претставници на повеќе граѓански организации од прекуграничниот регион, комунални претпријатија и бизнис секторот.

Покрај преглед на статусот на досега спроведените активности, на настанот беше презентирана и Платформата за паметнитуристички инфо центри (STIC - Platform) изработена во рамки на проектот. Изработката на оваа платформа е една од клучните активности на проектот и има за цел вмрежување на новоизградените и постоечките Туристички информативни центри во регионот на Шара.

- *Почеток на проектот - 15 мај 2018 година*
- *Времетраење - 15 мај 2018 – 14 мај 2020*
- *Донатор: ЕУ преку ИПА програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Косово*
- *Имплементатор - ЦеПроСАРД како лидер апликант, заедно со коапликантите: Општина Тетово и Regional Development Agency South, Косово*



## УСОВРШУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО И ВЕШТИНИТЕ НА ТИМОТ НА ЦЕПРОСАРД

Во изминатиот период работејќи во насока на постојано професионално усовршување на своето знаење и вештини, членови на ЦеПроСАРД учествуваа на повеќе обуки:

1. Работилницата за механизмите на финансиска поддршка од ЕУ“, организирана од Делегацијата на Европската Унија;
2. „Градење технички капацитети за биодиверзитет на сите нивоа во РСМ“, насочена кон промовирање на добри меѓународни практики и поддршка на институциите да градат капацитети за проценка и управување со проблемите со биолошката разновидност, организирана од "Hardner & Gullison Associates, LLC“ која е ангажиран консултант за „Програма за градење технички капацитети за биодиверзитет на сите нивоа во РСМ“, од Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБОР);
3. Првата работилница на засегнатите страни за изработка на 6-тиот Национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност, организирана од имплементационата агенција УНЕП и локалната НВО ЕССА СИНЕРГИ;
4. Програмата за зачувување на природата во РСМ во чии рамки се одржа обука за јакнење на капацитетите на заинтересирани страни за концептот за екосистеми и екосистемски услуги, организирана од: Фармахем – Скопје, HELVETAS Swiss Intercooperation





Телефон
+389 2 3061 391
Е-маил
info@ceprosard.org.mk
Адреса
Ул "1550" Бр 8а